историските процеси на македонската почва и, соодветно на тоа, не е во состојба адекватно и квалитетно да ја прикаже средновековната историја на македонскиот народ.

На крајот од нашето прикажување на трудот на И. Микулчиќ би сакале да искажеме и неколку скромни мисли и во однос на археолошкиот приказ на средновековните фортификациски населби. При претставувањето на подвижниот материјал од страна на авторот се забележува талкање од неколку векови во хронолошкиот пристап. Според нас, за историчарите, во потесна смисла на зборот, а исто така и за археолозите, важи правилото за што посигурно, поприближно и поприфатливо хронолошко определување на наодите. Наместо да очекуваме аналитичко прикажување, односно прикажување на компаративно согледување од постигнатите резултати, во нашите раце се најде труд од инвентарно регистрирање на архитектонските локалитети и на откриените подвижни археолошки наоди на територијата на Република Македонија.

Ристо ИЛЈОВСКИ

## Милан Бошковски, МАКЕДОНИЈА ВО XI И XII ВЕК - НАДВОРЕШНИ УПАДИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА МАКЕДОНИЈА, Институт за национална историја, Скопје 1997, стр. 225

Неодамна во издание на ИНИ се појави монографијата на Милан Бошкоски под наслов: "Македонија во XI и XII век". Во неа, и покрај таквиот наслов, не се прави сѐопфатно презентирање на настаните и случувањата од историјата на Македонија во XI и XII век. Авторот се задржува само на бројните надворешните навлегувања на Печенезите, Узите, Норманите и др., но, и на нивните односи со византиската власт и македонското население. Во поднасловот на делото, тоа е сосема јасно конкретизирано.

Трудот се состои од: предговор, вовед, четири глави, поделени на повеќе поднаслови, заклучок, резиме на француски јазик, регистар на лични имиња и етноними и регистар на географски имиња и поими.

Во првата глава "Упади на варварските народи од заддунавските области на територијата на Македонија во XI век "(21-69), авторот зборува за навлегувањата на Печенезите, Узите и Куманите во Македонија. Осврнувајќи се најпрво на печенешките пљачкашки продори во 1026, 1032(?), 1034, 1035/36 и 1079, М. Бошкоски, посебно се задржува на околностите под кои Византијците, во два наврата (средината на XI век и 1091 год.), дел од нив населиле во Овче Поле и Мегленската област. Во продолжение на главата, авторот расправа за познатиот ограбувачки поход на Узите во 1064 г. и прифаќа дека, дел од нив, поминале и низ Македонија. Тој дури се изјаснува за можноста, дел од заробените Узи од 1064 год. да биле населени во Македонија. Иако, не постојат изворни податоци за куманските продори во Македонија во XI век, подоцна е забележливо нивното присуство. За тоа, недвосмислено сведочат неколку византиски повелби од 80-те години на XII век. Авторот констатира дека топонимите од куманско потекло (Куманово, Куманичево, Кумановка), индиректно потврдуваат дека Куманите биле населувани во Македонија. На крајот од главата, меѓу другото, се истакнува дека некои од овие населени варвари многу брзо се пробиле во редовите на византиските пронијари.

Во втората глава, “Норманските упади на Балканот и во Македонија во XI и XII век” (71-128), авторот користејќи ги изворните податоци ги опишува трите нормански навлегувања (1081-1085, 1107/8, 1185) на Балканот и во Македонија. Најдолготрајна и со најмногу последици за Македонија, на која авторот најмногу се задржува, била првата норманска инвазија (1081-1085). Норманите, на чело со Роберт Гвискарт и неговиот син Боемунт Тарентски, имале значителен успех во војувањето и воспоставиле своја власт во голем дел од Македонија. Но, во битката кај Костур, која според авторот, “била решавачка за повторното воспоставување на византиската власт во Македонија”, Норманите биле поразени. Во врска со датирањето на оваа битка, М. Бошкоски смета дека Византијците не го презеле Костур од Норманите во октомври или ноември 1083 год., туку пролетта 1084 год. Од втората норманска инвазија (1107/8), главно била зафатена Албанската територија, но тогаш Норманите зазеле и мал дел од Македонија (меѓу Дебар и Охридско Езеро), задржувајќи го сосема кратко време. Третото и последно норманско навлегување (1185), иако краткотрајно, според бројноста и подготвеноста на норманската војска било најопасно за Византија. Покрај со копнена војска, која според авторот, се движела по Виа Егнатиа, Норманите овојпат, располагале и со воени бродови. Силината на норманската војска, била толкава, што тие дури успеале да го опсадат и освојат Солун, “вториот град по големина и стратегиско значење во Византија “ Но, набрзо Норманите биле принудени и по третпат да го напуштат Балканот.

Во третата глава, “Поминување на крстоносците од Првата и Третата крстоносна војна низ Македонија” (129-174), авторот најнапред го опишува поминувањето на крстоносците од Првата крстоносна војна (1096-1097) по делот од патот Виа Егнатиа, кој поминувал низ Македонија. Во врска со одговорот на прашањето како се викало разурнатото од боемундовите крстоносци “еретичко утврдување”, за М. Бошкоски е доста прифатлива претпоставката дека тоа бил градот Острово. Авторот користејќи ги исцрпно, особено, современите и подоцнежните западни извори, направил обид објективно да ги претстави случувањата. Притоа, на одделни места, ја забележал субјективноста на тие извори, особено кога се работи за ограбувањата на крстоносците, кои овие западни извори на некој начин ги оправдуваат. Во продолжение, во посебен поднаслов, авторот ја опишува епизодата од историјата на Третата крстоносна војна (1189) што се случила во Македонија. Токму во тој контекст, авторот посебно се задржува на веќе многу експлоатираниот Ансбертов “жупан или сатрап на Бугарија” и на прашањето за местоположбата на областа “Влашка”. Изложувајќи ги сите мислења во врска со овие прашања, авторот се согласува со оние истржувачи, кои сметаат дека Ансбертовиот “жупан или сатрап” бил Добромир Хрс, а областа “Влашка”, се наоѓа во Југоисточна Македонија. Мошне е интересна неговата анализа на податоците на Никита Хонијат за Добромир Хрс.

Четвртата и последна глава носи наслов: “Јужнословенските држави и нивните упади во Македонија во XI и XII век “ (175-198). Во оваа глава, која е поделена на четири поднаслови, авторот всушност зборува за навлегувањата на војските на соседните словенски држави: Дукља, Рашка и Бугарија во Македонија. Во првиот поднаслов се опишани настаните од востанието на Георги Војтех (1072) и обидот на Зетското кралство, преку Константин Бодин, да го прошири своето влијание во Македонија. Потоа М. Бошкоски ги обработува српските продори, делејќи ги хронолошки. Српскиот жупан Вукан, кон крајот на XI и почеток на XII век, користејќи ја зафатеноста на Византија, на неколку пати влегувал во Северна Македонија, но кога византискиот цар доаѓал лично со поголеми воени сили,

тој веднаш се покорувал. Главна цел на овие навлегувања, според авторот, било ограбувањето. Но, веќе кон крајот на XII век, великиот жупан Стефан Немања, повторно користејќи ја зафатеноста на Византија, ја освоил Северна Македонија со Скопје. Иако, таа состојба не траела долго, очигледно е настојувањето на Немања, освоените територии во Македонија да ги присоедини кон својата држава, што и го сторил. Во последната деценија на XII век, авторот зборува и за бугарските навлегувања (1195-1196), по долината на реката Струма, што претставувале опасност физички да се прекине сувоземниот контакт на Византија со Македонија и Албанија.

Ова дело на М. Бошкоски дава ценет придонес во развојот на македонската историографија, правејќи обид, на едно место, да се презентираат податоци за надворешните навлегувања во Македонија и тоа во еден конкретен временски период од два века, кога била под византиска власт. Поделбата на текстот по глави е добро направена, а мошне се значајни и некои хронолошки и топономастички прецизирања кои ги дава авторот. Единствено што може да му се забележи, е употребата на некои несоодветни термини (Бошњаци). Инаку, оваа монографија, во која е разработена интересна тематика од подалечното минато на Македонија, сигурно ќе предизвика внимание и интерес не само кај истражувачите - медиевисти, туку и кај пошироката јавност.

Тони ФИЛИПОСКИ

## Ванчо Ѓорѓиев, ПЕТАР ПОП АРСОВ - ПРИЛОГ КОН ПРОУЧУВАЊЕТО НА МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНООСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ, Матица македонска, Скопје 1997, 199

Во издание на Матица македонска во 1997 година, од печат излезе монографијата "Петар Поп Арсов" од м-р Ванчо Ѓорѓиев. Трудот содржи 199 страници, а поделен е на десет глави, во кои авторот го обработува животот и национал-револуционерната активност на Петар Поп Арсов.

Во првата глава "Растеж" авторот ни дава краток опис на родниот крај на Петар Поп Арсов, Азот, како и попрецизни податоци, од досега познатите, за школувањето на нашиот революционер. Авторот го опишува учеството на Поп Арсов во ученичките бунтови во Солунската гимназија, во 1885 и 1888 година. Во последниов бунт, Петар Поп Арсов, заедно со Даме Груев, е еден од организаторите на бунтот и затоа е исклучен од гимназијата. Ѓорѓиев, исто така, го проследува школувањето на Петар Поп Арсов во Белград каде што доаѓа до ново разочарување на младиот богомилчанец, но сега од обидите за србизација на младите Македонци.

Втората глава е насловена "Во потрага по сопствениот идентитет", и во неа авторот говори за студиите на Петар Поп Арсов на Филолошкиот факултет во Софија и неговата активност за основање на Македонското студентско друштво, кое имало за цел и издавање на списание, кое ќе се спротистави "не само на турскиот терор, туку и на туѓите пропаганди, кои го цепат народот на Срби, Бугари и Грци." Според Ѓорѓиев, МСД е основна клетка, од која израснала Младата македонска книжевна дружина. Оваа глава ја опфаќа и ангажираноста на Петар Поп Арсов околу списанието "Лоза". Во двобројот 3-4, Петар Поп Арсов, го објавил расказот "На Мокров" и во него, како што нагласува авторот, цели 11 години пред Мисирков, за